Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување -

**Архивски број: 08-2665/2**

**Датум:** 10 -07- 2020

**До:** **Здружение на инженери за заштита „ТУТЕЛА“**
ул. „Никола Тесла“ бр.8, 1000 Скопје

**Врска:** **Ваш број 0305/2**

**Предмет:** **Доставување на мислење**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр. 0305/2 од 3.7.2020 година, а поврзано со спроведувањето на здравствените прегледи за вработени согласно Законот за безбедност и здравје при работа, Министерството за труд и социјална политика Ви го дава следното мислење:

Како што Ви е познато, имајќи ја во предвид новонастанатата ситуација со пандемијата на зараза од новиот коронавирус и прогласувањето на вонредна состојба во државата, на иницијатива на ЈЗУ Институт за медицина на трудот, како надлежна институција која е и координатор на работата на Мрежата на медицина на трудот составена од приватните и јавните здравствени установи за медицина на труд, Министерството за здравство, на 19 март 2020 година донесе Решение под бр. 17-2614/1 со кое меѓу другото, на неодредено време се одлага спроведувањето на здравствените прегледи (систематски, претходни, насочени и периодични) согласно Законот за БЗР. Главната причина за носењето на ова Решение беше, во услови на ширење на заразата со вирусот и болеста COVID-19, да се намали можноста за изложување на ризик од заразување и да се придонесе кон заштитата на здравјето, како на работниците на кои им се врши здравствен преглед, така и на вработените во установите за медицина на трудот.

Подоцна, на 10.4.2020 година, со цел и во овие услови да можат да се извршуваат итните и неодложни прегледи, Министерството за здравство испрати Известување под бр. 17-3143/1 до Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на северо-западна Македонија и до Министерството за информатичко општество и администрација, со кое известува дека МЗ, согласно заклучокот на Главниот координативен кризен штаб, со решение бр. 17-3003/1 од

7.4.2020 година ја определува ЈЗУ ЗД Скопје – Завод за здравствена заштита на работниците на МВР, за установа во која што, за време на вонредната состојба, ќе се вршат систематски здравствени прегледи на вработени, по претходно закажување.

Неодамна, имајќи ја во предвид епидемиолошката состојба со COVID-19 во државата и во интерес на унапредувањето на здравјето на работниците, нормалното одвивање на работниот процес во претпријатијата и превенцијата на болести и повреди на работните места, Институтот за медицина на трудот достави иницијатива до Министерството за здравство со која препорачува донесување на одлука за повторно отпочнување на вршењето на сите видови превентивни здравствени прегледи на вработените, согласно утврдените протоколи за работа и со доследно почитување на постоечките упатства и мерки за спречување и контрола на ширењето на инфекцијата со коронавирусот.

На 1 јули 2020 година, Министерството за здравство донесе Решение (бр. 17-2614/2) **за отпочнување на спроведувањето на здравствените прегледи на вработените (систематски, претходни, насочени и периодични)**, согласно Законот за БЗР. Во наведеното Решение исто така, јасно стои и дека продолжувањето на вршењето на здравствените прегледи на вработените (кое беше привремено одложено), ќе се врши со динамика што ќе ја одреди здравствената установа каде ќе се спроведуваат прегледите, со претходно закажување на термини за преглед и со доследно почитување на заштитните мерки и препораките за работа на службите за медицина на труд во време на пандемија со COVID-19.

Почитувани, би сакале исто така да Ве потсетиме дека со претходно наведеното Решение на МЗ од 19.3.2020 год., беше само времено одложено спроведувањето на здравствените прегледи на вработените, но се разбира, не беше прекината во целост работата и функционирањето на службите, т.е. здравствените установи, за медицина на трудот. А тие, согласно и одредбите од Законот за БЗР (член 20), покрај вршењето на здравствените прегледи, имаат и други задачи и обврски кон работодавачот кој ги ангажирал со договор за вршење на стручни задачи за здравје при работа (обврска на работодавачот според член 17 од Законот за БЗР). Во тие примарни задачи на овластената здравствена установа, меѓу другото спаѓаат и задачите за следење, водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените, учество во секоја проценка на ризик по безбедноста и здравјето на работното место и раб. средина, запознавање на работниците со ризиците, вршење на едукација итн.


Министерство за труд
и социјална политика
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

Во тој контекст, и поврзано со повторното отпочнување на спроведувањето на здравствените прегледи, она што ние би можеле да препорачаме е, при вршењето на овие прегледи и во договор со здравствената установа и утврдената динамика и пред сѐ кај поголемите работодавачи, да се даде приоритет на здравствените прегледи на работниците кои се на работни места со зголемено ниво на ризик и таму каде што е тоа итно потребно имајќи ја во предвид здравствената состојба на работниците, т.е. тие да бидат први прегледувани, а потоа соодветно, и останатите работници. Според наше мислење, ова би било целисходно во случаите каде што има и доколку има, како што наведувате во Вашиот допис, изминати рокови на претходно направените прегледи, настанати поради одложувањето на прегледите во изминатиот период како резултат на здравствената криза.

Сметаме дека навистина, со добра волја и соодветна организација, овие евентуални проблеми, на кои Вие посочување во дописот, ќе можат да се надминат во функција на исполнување на законски утврдените обврски и во функција пред сѐ, на заштита на безбедноста и здравјето на работниците на работните места.

Со почит,

Заменик министер,
***Gjonul Bajraktar***

Изработил: Дарко Дочински
Контролирал: Мирјанка Алексевска
Согласен: Миле Стојановски